Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**
**KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR**
Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr.”Makedonia”nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.02-251/4
12.02. 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 8 став 2 и член 9 алинеја 3 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06,103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на __.02.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ОД БУЏЕТ - СУДСКА ВЛАСТ ЗА 2024 ГОДИНА, КАТ. 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

Член 1

Се усвојува Измена на Годишната програма за капитални расходи од Буџет - Судска власт за 2024 година, категорија 48 – капитални расходи, согласно годишниот износ за распределба утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Член 2

Вкупниот годишен износ за распределба согласно член 1 од Одлуката, за раздел 29010-судска власт изнесува **130.375.000** денари и е со следната структура по програми и по ставки:

**Програма 20-Судска администрација:...........................129.875.000 денари**

- **480 – купување на опрема и машини .......................60.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ............................ 45.000.000 денари
  - Сметка 631.................................... 15.000.000 денари
- **481 – градежни објекти.................................................49.875.000 денари**
  - Сметка 603/637 .............................. 44.875.000 денари
  - Сметка 631...................................... 5.000.000 денари
- **483 – купување на мебел.............................................. 3.000.000 денари**
  - Сметка 603/637............................. 3.000.000 денари
- **485 – вложувања и нефинансиски средства..........12.000.000 денари**
  - Сметка 603/637............................. 12.000.000 денари
- **486 – купување на возила............................................. 5.000.000 денари**

- Сметка 603/637.............................. 5.000.000 денари

**<u>Програма 30-Академија за судии и јавни обвинители:.......500.000 денари</u>**

- **480 – купување на опрема и машини ......................... 500.000 денари**
  - Сметка 603/637 ......................................500.000 денари

Член 3

Измената на Годишната распределба на капитални расходи по единки корисници да се изврши согласно табеларниот приказ што е составен дел на Измената на Годишната програма за капитални расходи од Буџет - Судска власт за 2024 година. Измената се врши заради дообезбедување на средства за групната јавна набавка, почната во 2023 година, која ја спроведува Управниот суд, за надградба и инсталација на Femida систем за аудио и аудио видео снимање во судници –(89 аудио системи и 8 аудио/видео системи за снимање на рочиштата во судовите во РСМ). Потребните средства се дообезбедуваат од нераспределените средства на потставка 485230-компјутерски софтвер, а на ставката 480-купување на информатичка и видео опрема се врши прераспределба на буџетската сметка 603 и на сметката сопствени приходи 631.

Член 4

Со цел реализација на Измената на Годишната програма за капитални расходи од Буџет - Судска власт за 2024 година, Стручната служба на Судскиот буџетски совет изготвува измена на решенија за одобрување на финансиски средства за капитални расходи за единките корисници, согласно табеларниот приказ од член 3 на Одлуката.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Весна Дамева**